Република Северна Македонија
Општина Ѓорче Петров
Бр. 04-2715
21.01.2026 год.
СКОПЈЕ

Врз основа на член 45 од Законот за административни службеници („Службен весник на Република Македонија" бр. 27/14, 199/14, 48/15, 154/15, 5/16, 142/16 и 11/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 275/19, 14/20, 215/21 и 99/22, 208/24 и 210/24), Градоначалникот на Општина Ѓорче Петров донесе:

# О Д Л У К А
## за избор на кандидат за вработување на административен службеник по пат на јавен оглас

1. За извршител за работното место со шифра УПР 0101 В03 000 – Соработник за нормативно – правни работи од областа на урбанизмот, Одделение за спроведување на урбанистички планови, Сектор за урбанизам, инвестиции и комунални дејности, се избира кандидатот со идентификациски код 3428Е46 – **Марија Ефремоска**.
2. Именуваната ќе биде вработена на работното место од точка 1 по конечноста на оваа Одлука.
3. Оваа Одлука се доставува до избраниот кандидат и се објавува на интернет страницата и на огласната табла на Агенцијата за администрација.

## О б р а з л о ж е н и е

На ден 10.12.2025 година во дневните весници Слободен печат, Вечер и Коха и на интернет страницата на Агенцијата за администрација објавен е јавен оглас бр.1152/2025 за вработување на административен службеник во Општина Ѓорче Петров на работно место со шифра УПР 0101 В03 000 – Соработник за нормативно – правни работи од областа на урбанизмот, Одделение за спроведување на урбанистички планови, Сектор за урбанизам, инвестиции и комунални дејности.

Со Решение бр.10-2747/3 од 23.12.2025 година (04-2782/6 од 26.12.2025 год.) и Решение за изменување и дополнување на Решението за формирање на Комисија за селекција за вработување по јавен оглас бр.10-293/1 од 14.01.2026 година (04-77/2 од 15.01.2026 год.), формирана е Комисија за селекција за вработување по јавен оглас која ја спроведе постапката за вработување.

Комисијата за селекција на ден 26.12.2025 година спроведе административна селекција за административен службеник (Записник од извршената административна селекција за административен службеник бр. 10-2747/4 од 26.12.2025 год.), а на ден 14.01.2026 година спроведе испит за административен службеник (Записник од спроведениот испит за административен службеник бр.10 -293/3 од 14.01.2026 год.) и на ден 15.01.2026 година спроведе проверка на веродостојност на докази и интервју за административниот службеник (Записник од спроведена проверка на веродостојност на докази и интервју за административниот службеник бр.10-293/4 од 15.01.2026 година).

Врз основа на резултатите од сите фази на селекција, од страна на Агенцијата за администрација до Градоначалникот на Општина Ѓорче Петров на ден 16.01.2026

година, доставена е конечна ранг листа и предлог на кандидат за вработување бр.10-293/5 од 16.01.2026 година ( 04-77/4 од 16.01.2026 год.), заради избор на кандидат односно донесување на Одлука за избор.
Градоначалникот го прифати предлогот од страна на Агенцијата за администрација и врз основа на горенаведеното се одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

УПАТСТВО ЗА ПРАВНО СРЕДСТВО: Против оваа Одлука незадоволниот кандидат има право на жалба до Агенцијата за администрација во рок од 8 (осум) дена од денот на објавување на одлуката на веб страницата и огласната табла на Агенцијата за администрација.

Општина Ѓорче Петров
Градоначалник
Александар Стојкоски

Доставено до:
-Агенција за администрација;
-кандидатот;
-одд.за управување со чов.ресурси;
-архива.

Изготвил: Б.Аначков
Одобрил: Н.Трајановска